**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**<u>ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ – СКОПЈЕ</u>**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА ВО ООУ „ТОШО АРСОВ“ - ШТИП

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-85/_6**
**Датум:14.02.2024 година**
**Штип**

| **ООУ ,,Тошо Арсов“ – Штип** | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | **од 09 до 12.10. 2023 година** |
| **Број на извештај:** | **05/02 /2023** |
| **Раководител на инспекциски тим:** | **Дејан Доневски** |
| **Вид на училиштето:** | **Основно училиште** |
| **Подрачни училишта** | **3** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Штип** |
| **Наставен јазик:** | **Македонски јазик и турски** |
| **Број на ученици:** | **667** |
| **Полова структура на ученици:** | **345 машки,312 женски** |
| **Број на наставници:** | **59** |
| **Претседател на училишниот одбор:** | **Лидија Трендафилова** |
| **Директор на училиштето:** | **Коце Харизанов** |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | **09-12.10.2023** |
| **Адреса на училиштето:** | **Ул.Бул.„ЈНА“ бр.26-А** |
| **Телефон:** | **032-394-448** |
| **Факс:** | **032-394-448** |
| **e-mail:** | **outosoarsov_stip@yahoo.com** |
| **оценка од интегрална евалуација** | **2.59** |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08; 148/09; 57/10; 51/11; 24/13; 137/13; 164/13, 41/14,33/15, 145/15 и 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## РЕЗИМЕ

Инспекциски тим од тројца Државни просветни инспектори ја спроведе Интегралната евалуација во ООУ „Тошо Арсов,, од Штип, во периодот од 9.10 и 12 октомври 2023 година. . Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано образованието

Државните просветни инспектори за време на Интегралната евалуација во училиштето оствarија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор, Совет на родители и Училишниот парламент. Се водеа разговори со фокус групи на ученици, наставници и членови на тимот на изготвување на Самоевалуацијата.

Инспекторите посетија 42 наставни часови кај исто толкав број на наставници во централното и подрачните училишта во н. Македонка с.Чардаклија и с.Почивало (посетата се изврши по дваесет минути кај секој наставник).

При реализацијата на интегралната евалуација беше спроведено и вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците. Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Тошо Арсов“ Штип е со оценка **2,59...[1].**

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба во училиштето која е извлечена од евалуацијата на сите седум подрачја кои беа во фокусот на внимание на инспекцискиот тим. За ваквата оценка придонесува согледувањето на објективните, но и субјективните причини. Инспекцискиот тим вниманието повеќе го посвети, како на објективните, така и на субјективните причини кои значително влијаат на општата оценка на работењето на училиштето и можат во иднина да влијаат на позитивниот развој на училиштето. Во анализата на субјективните причини, потврдено е дека сите субјекти кои го сочинуваат воспитно-образовниот процес, управата на училиштето, наставниците, учениците, родителите и пошироката заедница, подеднакво се заслужни за квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето.

Од анкетите спроведени во подготвителната фаза, делумен број од анкетираните се изјасниле позитивно и афирмативно за организацијата и работата на училиштето (вклучувајќи ги вработените,учениците и родителите).

Наставата во ООУ „Тошо Арсов,, од Штип се реализира во согласност со наставните планови и програми за основно образование, подготвени од Биро за развој на образованието, а донесени од Министерство за образование и наука.

Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието. Со учениците од прво, второ, трето четврто,петто и шесто одделение се реализираат наставни програми согласно новата Концепција за основно образование

Наставата во училиштето се реализира во една училишна зграда лоцирана на северниот дел од градот и во три училишни згради во населените места: Македонка, Чардаклија и Почивало.Во ООУ „Тошо Арсов“- Штип наставата се реализира на македонски јазик и турски јазик. Планирањата на наставниците се добри, а реализирањето на истите се следи од раководниот тим.

Воспитно образовниот процес во училиштето го реализираат 59 наставници, училишен педагог, психолог и директор. Во училиштето не постои етничка, родова или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Во училиштето освен од македонска националност се школуваат и ученици од: ромска, влашка и турска националност. Училишната клима релативно е добра, со некои отстапувања од оваа констатација, кои имаат делумно влијание на општиот заклучок. Нема етничка, полова и социјална дискриминација. Меѓусебното почитување на сите

релевантни субјекти вклучени во работата на училиштето е на делумно задоволувачко ниво.

Од анонимната анкетата што беше спроведена со сите наставници и определен број на ученици и родители, како и од разговорите со фокус групите, може да се констатира дека дека поголем број наставници сакаат да работат во ова училиште, но дека не постои добра комуникација меѓу вработените и дека училиштето е добро раководено. Најголемиот дел од наставниците сметаат дека соработката со родителите е добра, дека на учениците им даваат повратни информации, а учениците се одговорни кон наставата. Најголемиот број од родителите сметаат дека нивните деца сакаат да учат во ова училиште, дека наставниот кадар редовно им ги кажува добрите страни за нивните деца и навремено ги известува за нивниот напредок. Најголемиот дел од родителите сметаат дека хигиената во училиштето делумно задоволува особено во санитарните јазли. Потребно е да се зачува нивото на хигиената во целокупниот училиштен простор, а посебно во санитарните јазли. Училишниот двор е во голема мера среден, но потребно е уште подобро хортикултурно уредување на истиот. Потребна е поголема контрола на храната и продуктите кои учениците ги набавуваат од околните продавници.

Најголем број од анкетираните ученици се изјаснија дека предавањата на наставниот кадар се јасни, од нив добиваат добри совети и ги пофалуваат со исклучок на неколку наставници,Но сепак поголем број од учениците мислат дека учениците за време на часовите треба да се поактивни, да има поголема дисциплина на часовите, да има поголема хигиена во тоалетите.

Најголемиот број на наставниците се трудат да користат разновидни наставни техники и методи на подучување, но се уште еден мал дел од наставниците при реализација на наставата користат традиционална, односно класична настава, без употреба на нови форми и методи. Мал број од наставниците не секогаш рамноправно ги вклучуваат учениците во активностите на часот. Се работи само со подобрите ученици. Интеракцијата меѓу наставниците и учениците е релативно добра.

Училиштето располага со голема фискултурна сала со површина од 1 200 м$^2$ со стандардна висина, не доволно осветлена со трибини за гледачи, во салата нема затоплување. Во училиштето има воспоставена процедура за избор на изборните предмети преку анкетирање на родителите. Изборот на предмети е според наставниот план и програма. Постапката за избор се спроведува во целост доследно според потребите на учениците.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети на тромесечје, полугодие и на крај на учебната година. Од показателите за постигања на учениците, во последните три учебни години, се констатира дека просечниот успех на учениците е многу добар.

Наставниците имаат глобални и тематски планирања и истите на почетокот на учебната година се доставени кај директорот и педагошко психолошка служба.

Оперативните планови за наставен час, кај поголем број наставници ги содржат потребните елементи за успешна организација и реализација, како што се цели, форми, методи, активности, наставни средства, методи на оценување и очекувани исходи.

Училиштето има изготвен План за заштита и спасување од елементарни непогоди, нема спроведено вежба за евакуација.

Во училиштето има 4 наставника кои се обучени за давање прва помош.

Во ЦУ училиште има организирана исхрана за учениците,како и во ПУ во н.Македонка и с.Чардаклија Училиштето има увид во квалитетот на храната .

Одржувањето на хигиената во училничките простории и ходниците е делумно добра, а во санитарните јазли делумно задоволува.

Наставниот кадар е во согласност со Нормативите за наставен кадар дадени во наставните програми. Во училиштето има пет несоодветни наставници: еден наставник во одделенска настава на турски наставен јазик во подрачното училиште во с. Почивало,еден наставник по Техничко образование, еден по Физика и еден по Етика во религии во одделенска настава.

Училиштето им овозможува на наставниците професионално усовршување преку следење на обуки и семинари.

Комуникација со родителите се остварува преку организирање на општи и индивидуални родителски средби. Мал број на родители не пројавуваат интерес за редовна и квалитетна комуникација со училиштето. Училиштето и Советот на родители имаат воспоставено добра соработка.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури

Училиштето има изработено самоевалуација дел. бр.0803-279/1 од 21.06.2022 година за периодот од две години . Во самоевалуацијата се набележани клучните јаки страни, но и клучните слаби страни. Училиштето издвоило идни активности и приоритетни подрачја, кои се внесени во планот за развој.

За учебната 2023/2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа дел.бр.0803-279/2 од 21.06.2022 година , во законскиот рок и истата е усвоена од Советот на Општина Штип.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основно општинско училиште ,,Тошо Арсов,, од Штип е лоцирано во населбата „8 ми Ноември“ на булевар ,,ЈНА,, бр.26-А Штип. Училишната зграда во која училиштето работи изградена е во 1977 година и од истата година почнува со работа.

Училиштето има решение за верификација број 10-2934/1 од 10.06.1992 година издадено од страна на Министерството за образование и наука.

Училиштето располага со фискултурна сала со површина од 1 200 м$^2$ со стандардна висина, доволно осветлена со трибини за гледачи.

Воспитно-образовниот процес го реализираат 59 наставника (2-мр.,53-ВСС, 3 ВШС,1-апсолевент), од кои на македонски наставен јазик 58 наставника, 1 наставник на турски наставен јазик.

Во ЦУ и во ПУ училишта настава посетуваат 667 ученици од I одд. до IX одд., распоредени во дваесет и осум чисти паралелки.

Во состав на ова училиште работат едно подрачно деветгодишно училиште и две подрачни петгодишни училишта. Во подрачното училиште населба Македонка настава посетуваат 70 ученици од I одд. до IX одд., распоредени во осум чисти паралелки и една комбинирана паралелка. Во две подрачни училишта во селата: Чардаклија настава посетуваат 5 ученици од I одд. до V одд. во една комбинирана паралелка и во село Почивало настава посетуваат 8 ученици од I одд. до V одд. во една комбинирана паралелка на турски наставен јазик.

Училишниот простор ги задоволува потребите според бројот на ученици за изведување на настава во две смени во подрачните училишта во една смена.

Училиштето располага со училници и кабинети, библиотека, спортска сала, надворешен спортски терен за мали спортови, наставничка канцеларија, канцеларии за директор, секретар и книговодител, психолог, педагог, просторија за помошно-технички персонал и други помошни простории. Училниците се делумно опремени со потребниот училишен инвентар.

Училишниот двор во централното училиште е ограден со метална ограда со три влеза.

Библиотеката има фонд од 4560 наслова (15 029 книги), солидни просторни услови и богат книжен фонд. Во библиотеката се вработени два наставника со полно работно време.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно - образовната работа во ООУ„Тошо Арсов“- Штип, се остварува врз основа на наставните планови и програми за основно образование, како и врз основа на Концепцијата за основно образование од прво до шесто одделение. Наставниците имаат посетено обука за реализација на наставата по новата Концепција за основно образование (освен наставниците по англиски јазик), организирана од страна на Бирото за развој на образованието. По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, во седмо, осмо и деветто одделение, наставата се реализира според програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre), адаптирани од БРО и одобрени од МОН.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем во централното училиште и подрачното училиште во населба Македонка. Во подрачното училиште во с. Почивало, каде што наставата се изведува во една комбинирана паралелка (I, II, IV и V одд.,) со вкупно 7 ученици на турски јазик, при посетата на училиштето од страна на инспекторите е констатирано дека еден наставник изведува настава по сите предмети, и наставата по македонски јазик за учениците кои следат настава на друг наставен јазик, англиски јазик, физичко и здравствено образование и техничко образование и информатика, поради далечината и тешко пристапниот терен, не се изведува со соодветен наставен кадар. Во подрачното училиште во с. Чардаклија, каде што наставата се изведува во една комбинирана паралелка (II, IV и V одд.) со вкупно 7 ученици поради немање на соодветни услови, наставната програма по физичко и здравствено образование не се реализира во целост. Во дворот на училиштето има мал асфалтиран терен со нестандардни димензии и поставена е една кошаркарска табла.

За реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение, покрај наставникот по одделенска настава, се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование.

Раководителите на одделенијата на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата.

Во училиштето се реализираат и програмите: Образование за животни вештини (на одделенските часови), Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените активности), Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Антикорупциска едукација за учениците.

Со процесот на инклузија во редовната настава се вклучени 10 ученици со пречки во развојот. По препорака на Комисијата за функционална проценка на попреченоста, за 8 ученици се изготвени и се работи по индивидуални образовни планови. За помош и поддршка во работата се ангажирани 3 образовни асистенти.

Изборните предмети се изучуваат врз основа на наставен план и програмите дадени од БРО, можностите на училиштето со наставен кадар и изборот на родителите и учениците. Со новата концепција за основно образование, во првиот образовен период, слободните изорни предмети се реализираат во форма на слободни активности, а во вториот образовен период, на учениците им се нуди да избираат два предмети (еден за првото и еден за второто полугодие) од четири категории слободни изборни предмети. Изборот на предмети се врши по спроведени анкети.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат планирањата во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето.

Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата. Имплементирањето на планираните содржини најчесто е преку посета на објекти и институции кои се карактеристични за средината. Се обработуваат содржини кои се однесуваат на одбележување на значајни датуми и личности од локалната средина, се посетуваат театарски и кино претстави, се учествува во различни акции од јавен интерес и културни манифестации организирани од општината.

Училиштето им дава на наставниците насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат.

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките.

## 1.3. Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. При реализацијата, подеднакво е дадена можност за вклучување на сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус на секој ученик.

За секоја воннаставна активност се определени одговорни наставници. Од страна на наствниците се води евиденција за реализирани воннаставни активности во образец за Педагошка евиденција за воннаставн активности.

Воннаставните активности се реализираат преку: ученички натпревари, екскурзии, манифестации при одбележување на значајни датуми и празници, општествено – корисна и хуманитарна работа, секции/клубови за проширување на содржини од наставни предмети (литературна секција, информатичка секција, математички клуб, ликовен клуб, хемиски клуб, географски клуб, англиски и германски клуб), секции за поддршка на други интереси на учениците (драмска секција, играорна секција, еколошка секција, хор и оркестар, клуб на млади библиотекари), клубови за поддршка на личниот и социјалниот развој (клуб на Црвен Крст, клуб на детски права, клуб на мултикултурализам), секции за спорт и рекреација (фудбал, ракомет, кошарка, одбојка).

Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат на ученички натпревари на општинско, регионално и државно ниво, работат на проекти, учествуваат во различни конкурси, манифестации и приредби организирани од општината и училиштето.

За афирмирање на воннаставните активности се користат различните медиуми (инретнет страна на училиштето и општината, училишен весник, ученичко катче, локални ТВ).

Вработените во училиштето, родителите и учениците се запознаени со Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „ТОШО АРСОВ 2017“, со ЕМБС 7202571, но во последните две учебни години поради пандемијата со Ковид 19, не се реализирани спортски активности. Минатата учебна година се учествувало на

општински натпревар во рамки на Сојуз на училишен спорт во футсал, кошарка, ракомет и одбојка.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Педагогот во училиштето изготвува детални извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, наставни предмети и одделенија, за сите квалификациони периоди.

Успехот на учениците согласно изготвените изештаи на крајот од првото полугодие од учебната 2020/2021 година изнесува 3.24, во учебната 2021/2022 година – 3.58 и 3.58 во учебната 2022/2023.

Средниот успех на учениците на крајот на учебната година, во последните три учебни години, изнесува 4,11 во учебната 2020/2021 година, 3,84 во учебната 2021/2022 година и на крајот од учебната 2022/2023 година, средниот успех изнесува 4,14. Евидентно е дека на крајот на учебната година се утврдуваат повисоки оценки за разлика од оние на полугодие.

Од страна на педагогот се следат постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, како и постигањата на учениците при премин од основно во прва година средно образование.

Согласно наставниот план наставниците планираат и реализираат додатна и дополнителна настава, и се изготвува месечен распоред за дополнителна и додатна настава. За учениците во седмо, осмо и деветто одделение дополнителната настава не се реализира во целост поради двосменското работење и врзаност со превоз на ученици. Часовите за додатна настава најчесто се реализираат со учениците кои се подготвуваат за учество на натпревари. За реализираните часови се пополнуваат формуларите за Педагошка евиденција за дополнителна и додатна настава.

За учениците од второ до шесто одделение, часовите за дополнителна и додатна настава се планираат во неделните планирања и се реализираат во склоп на други активности.

Постапката за советување на родителите ја реализира психологот. Согласно приложената евиденција, во учебната 2021/2022 година на советување се поканети 33 родители по основ нередовно посетување на настава, и 22 родители по основ нередовно посетување на настава. Во учебната 2022/2032 година на советување се поканети 14 родители по основ на намален успех и 34 родители по основ нередовно посетување на настава.

Училиштето учествува на ученички натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Минатата учебна година, на државен натпревар по природни науки има освоено 2 и 3 награда, по биологија освоено 1 и 2 награда, по хемија 1 второ и 2 трети места. на општински, регионален и државен натпревар по англиски јазик, на математички натпревар Кенгур, на кој четири ученика од одделенска настава се пласирале за учество на Мала математичка олимпијада. Се учествувало на општински лиреротурни конскурси, литературни конкурси распишани од други општински училишта, од општинската библиотека, каде се освоени повеќе награди.

Во училиштето се прогласува првенец на генерацијата според Правилник за избор на прврнец на генерација.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со пречки во развојот. Има изградено политика за запишување и презема активности да ги опфати сите деца од својот реон. Централното училиште ги опфаќа населбите 8 ноември и Пребек, а подрачното училиште населбата Македонка, и ПУ во с. Чардаклија и ПУ во с. Почивало.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи преку општината. Уписот на децата го врши комисија формирана од директорот.

Училиштето ја следи редовноста на учениците. Просечниот број на изостаноци во учебната 2020/2021 година изнесува 15 по ученик (9 оправдани и 6 неоправдани изостаноци), во учебната 2021/2022 година изнесува 43 по ученик (30 оправдани и 13 неоправдани) и во учебната 2022/23 година изнесува 49 по ученик (35 оправдани и 14 неоправдани изостаноци).

Во однос на оценување по поведение на учениците, во последните две учебни години сите ученици се со примерно поведение, а на 2 ученици им било намалено поведението во учебната 2020/2021 година.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Евидентирана е појава на напуштање на училиштето во текот на учебната година. Во текот на учебната 2020/2021 година, испишани се 25 ученици, во учебната 2021/22 година испишани се 23 ученици и во учебната 2022/2023 година испишани се 18 ученици. Како причина за напуштање на училиштето се наведува иселувањето и заминување на семејствата во странство или запишување на учениците во друго училиште во општината или во училиште во друг град. Училиштето за учениците кои заминуваат во странство нема податоци дали истите го продолжуваат своето образование.

Постапката при премин од едно во друго училиште е спроведена согласно закон и на учениците им е издадена преведница за запишување во другото училиште.

### 2.3. Повторување на учениците

Годишните извештаи и споредбените анализи покажуваат дека во учебната 2020/2021 година 14 ученици ја повторувале годината, во учебната 2021/2022 и 2022/2023 година 21 ученик ја повторувал годината. На одделенски испит биле упатени 11 ученици во учебната 2020/2021, 19 ученици во учебната 2021/2022, и 16 ученици во учебната 2022/2023 година.

Учениците и родителите се запознаени со правото да поднесат жалба и приговор до Наставнички совет, доколку се незадоволни од оценките по одредени предмети, согласно Законот за основно образование. Во последните три учебни години не се поднесени приговори од страна на родители.

## 3. **УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот. Предметните наставници имаат изготвени годишни, тематски процесни планирања и подготовки за наставен час, и истите ги содржат непоходните елементи за реализација и организација на наставата. Глобалните планирања се изготвуваат во електронска форма. На почетокот од учебната година наставниците ги доставуваат планирањата кај педагогот, кој врз основа на образец со јасни критериуми, врши следење на квалитетот на планирањата и дава повратна информација.

За наставните предмети: математика, природни науки, биологија, хемија и физика во седмо, осмо и деветто одд. се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ. Согласно Концепцијата за основно образование, наставниците во одделенска настава реализираат нови наставни програми врз основа на изготвените планови за реализација на наставните програми за секоја тема и сценарија за час од страна на стручните активи, како и неделни планирања изготвени од наставниците индивидуално, кои се основа за водењето на електронскиот дневник.

Целите на наставата, очекуваните исходи и начинот на оценување се утврдени во планирањата, но не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето.

Поголем број од наставниците навремено ги планираат: редовната, додатната, дополнителната настава и вонаставните активности. Се изготвуваат и планови за

реализација на „Програмата образование за животни вештини“ на одделенските часови, за користење на ИКТ во наставата со потенцирани Е-содржини, интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Тимот за меѓуетничка интеграција делумно обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.

Училиштето им овозможува на наставниците користење на стручна литература и материјали за планирањето на наставните часови, советодавно-консултативна работа на стручната служба, семинари организирани од страна на БРО, стручни совети како резултат на следење и анализа на дневните подготовки. Најголем дел од наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи, и соработуваат со колеги од други училишта од општината. Изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлука бр.0404-405/2 од 19.09.2023 година), кој има изготвено програма за работа. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП за осум ученици со пречки во развојот.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план. Во предметна настава го изработува наставник по математика во соработка со наставниците и стручните соработници, а во одделенска настава секој наставник го изготвува индивидуално, но во соработка со колегите од одделенска настава и од предметна настава по англиски јазик, техничко образование и природни науки.

Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава.

### 3.2. Наставен процес

Наставниците од одделенска настава редовно користат разновидни форми, методи и техники во наставата (играње улоги, вртелешка, сложувалка, инсерт, секвенци, венов дијаграм, изведбени активности, грозд, коцка, истражување и сл).

Во предметна настава дел од наставниците користат различни форми и методи и техники на учење. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка, но методите што ги користат не се секогаш соодветно избрани, односно се користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. За реализација на наставата се користат расположливите нагледни средства и 4 интерактивни табли. Потребно е набавката на наставни и нагледни средства да биде од приоритетно значење, а со цел реализација на наставните програми и унапредување на наставниот процес и во централното и во подрачните училишта. Опремата за кабинет по природни науки која пред три години е доставена до училиштето од страна на МОН, се уште не е ставена во функција. Како причина се наведува проблем со приклучок на вода.

Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) за време на часот, не секогаш е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, материјали за учење и прирачен материјал.

При задавање на домашната задача, поголем број од наставниците не се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование.

Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, и поголем број од учениците се активни во процесот на учење. Постои работна дисциплина и атмосфера на часовите.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош и соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот. Најмногу еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. После посетата на час се разговара и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот / мултиетничкиот карактер на Република Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и училиштето, и истите редовно се менуваат.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека не се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

За време на часот, поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Учениците заедно со наставниците работат на различни проекти поврзани со наставата и надвор од наставата,

Формиран е Ученичкиот парламент, кој има изберено раководство, има изготвено програма за работа, изберени се двајца претставници за учество во работата на училишен одбор. Од одржаните состаноци се водат записници. Сепак, од разговорот со членовите е констатирано дека тие сами не иницираат активности, не се вклучени во подготовката на годишната програма, не дале предлози за вонаставни активности. Претставници од ученичкиот парламен не биле поканувани на седници на училишен одбор. Потребно е зајакнување на улогата на ученичкиот парламент.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги препознаваат индивидуалните образовни потреби и пречки во развојот. Иденфитикацијата на учениците со тешкотии во учењето, на надарени ученици и ученици со пречки во развојот се врши преку листи за идентификација кои ги изготвуваат стручните соработници.

Идентификувани се 10 ученици со пречки во развојот. Извршена е стручна проценка на функционалноста според МФК од страна на регионално тело за проценка. Со осум од нив од нив се работи по индивидуални образовни планови (ИОП). За помош и поддршка на учениците и одделенскиот наставник во наставата се вклучени и тројца образовни асистенти. Училиштето има потреба од дополнителни обуки за работа со овие ученици. Идентификувани се 3 ученици со тешкотии во учењето.

Со учениците кои имаат тешкотии во учењето, стручните соработници и наставниците водат индивидуални разговори, како и разговори со родителите, и се организира дополнителна настава. Поддршката на учениците со потешкотии во учењето во редовна настава, во смисла на задавање на диференцирани задачи за време на часовите како и за домашна работа се применува од мал број наставници.

За задоволување на потребите на учениците, училиштето ги ангажира учениците во воннаставни активности, општествено корисна работа, учество на општински, регионални и државни натпревари, учество на интерни конкурси, како и конкурси организирани од општината, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем број од наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината, но се препознатливи отстапувања во оценувањето, што е потврдено и статистичките извештаи и од разговорот со претставниците на ученичкиот парламент, кои сметаат дека и во текот и на крајот на учебната година се ставаат повисоки оценки на одредени уеници по одреден број на предмети во зависност од различни врски со нивните родители. Ваквите ситуации делуваат демотивирачки кај останатите ученици кои учат континуирано во текот на целата учебна година.

Наставниците од одделенска настава користат разновидни инструменти и методи за оценување. Најголем дел континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците на посебни евидентни листови по теми за секој наставен предмет. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Постигнувањата на ученикот со пречки во развојот е во согласност со целите во ИОП.

Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година.

Наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

# 4 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупната грижа за учениците

Поддршката на учениците и севкупната грижа за учениците во училиштето е добра.

Инфраструктурата во училишната зграда во ЦУ во ООУ„Тошо Арсов“ и во сите ПУ-е релативно добра и безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците.

Наставата се изведува во пространи и релативно добро осветлени училници.

Пристапот во училишната зграда во ЦУ не е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, и не е поставена пристапна рампа. Во училиштето, 4 (четири) вработени од училиштето од кој 3 (тројца) во ЦУ и 1 (еден) во ПУ, се обучени за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи.

Училиштето има и План за заштита и спасување од природни непогоди заведено со дел.бр.0306- 553/2 од 03.12.2021 година и План за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, на кои позитивно мислење има дадено Дирекцијата за заштита и спасување, дел.бр.10/3-225 од 19.09.2022.

Во училиштето е означен правецот на движење на учениците и вработените во случај на елементарна непогода и на двата спрата во училиштето е поставена шема за евакуација. Вежба за напуштање (евакуација) на училишната зграда на ученици и вработени при симулација на пожар, е извршена на 03.04.2023 год.

Училишната зграда во ЦОУ нема камери за видео надзор За време на одморите се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците.

Во централното училиште и во спортската сала поставени се 6 хидранти и 8 противпожарни апарати, а во училишните згради во ПУ поставени се 4 ПП апарати во

н.Македонка 1 (еден) хидрант во с.Чардаклија и 1 (еден) хидрант во с.Почивало., Последно сервисирање на ПП-апаратите е извршено на 29.11.2023 год. од страна на овластен сервисер „Безбедност/комерц“-Радовиш.
За ракување со противпожарните апарати и хидранти овластени се 4 лица со бр.на овласт. 0302-579/2 од 01.12.2022 година..

Училиштето има поставено и громобранска инсталација во ЦУ и во ПУ-н.Македонка, на која редовно се врши контрола на мерење на отпор на громобранско заземјување, од страна на стручни лица.

Училиштето склучило договор за осигурување на вработените со осигурителна компанија.-УНИКА со бр.на полиса- 010190006130 , а за осигурување на ученици со осигурителна компанија Македонија Осигурување со бр.на полиса NEZ0349730. При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците, бил вклучен и Советот на родители.

Зградата на централното училиште е осигурана исто така преку осигурителна компанија-УНИКА.-,со осигурителна полиса број: 09001И079492.

Во централното училиштето има организирана исхрана за учениците, исто така и во ПУ во н. Македонка и с.Чардаклија.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати забрани за носење оружје, за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични средства.

Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците,наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор со дел.бр. 0803-16/2 од 14.01.2022 година ,како и Куќен ред заведен со дел.бр.0803-16/2 од 17.01.2023 година.

Од страна на училишниот психолог со учениците се организирани следните работилници: (минатата учебна година):

-„Исмеаната Леа“ извршена на ден 30.03 2023 со учениците од петто одделение;

-„Моите пријатели –емоциите“, извршена на ден 28-30.09.2021 со учениците од четврто одделение;

-„Урбан –Јеленов тест“ извршена на 16.02.2023 година со дел од учениците од четврто и петто оделение;

Од страна на училишниот педагог со учениците се организирани следните работилници: (минатата учебна година):

-“Превземање акција во училиштето“ од 02.10.2022 гонина со Ученичкиот парламент.

-„И за девојчињата и за момчињата“ извршена во март 2022 со учениците од четврто одделение;

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. На часовите на класната заедница се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти.

Од страна на СВР-Штип поделени се флаери на учениците за последиците од употреба на пиротехнички материјал.

Училиштето има процедура за обезбедување на материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици, но во училиштето се организираат хуманитарни акции од страна на вработените и учениците и во соработка со Црвен крст – Штип.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училишните простории и ходниците и тоалетите е релативно добра.

Во централното и подрачните училишта, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Во учебната 2023/2024 година, дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена и во ЦУ и во сите ПУ на 29.08.2023 година.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за грижата за здравјето на учениците, во која се планираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи), но и предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност, превенција од насилство итн.).

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи,последниот систематски преглед е извршен на 27.09.2023 за учениците од седмо одделение.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат и санитарни книшки.

Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените.

Последниот систематски преглед на вработените е извршен на 09.12.2021 година.

Училиштето има договорени процедури за грижа за здравјето на учениците и вработените кои редовно и навремено се спроведуваат во соработка со родителите и здравствените установи.

Училиштето исто така води грижа и за учениците со емоционални потешкотии.

Во училиштето се идентификувани десет ученици со посебни потреби во 1,2,3,6,7 и 9 одд и со емоционални потешкотии. За надминување на состојбата, од страна на училишниот психолог се организираат индивидуални средби со тие ученици и нивните родители,се со цел помош,подршка и надминување на истите.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за професионална ориентација на учениците.

Со учениците од 9 одд одделение, организирана е Анкета за избор на Средно училиште за учениците од завршните одделенија со извршена презентација .

Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование.

Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици во средното образование.

Стручната служба води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование.

### 4.4 Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката.

Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи по квартали врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Континуирано го следат и вреднуваат напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик.

Во одделенска настава, се водат ученички досиеја со личните трудови и постигнати резултати на учениците, евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.
Училиштето за соработка со родителите е отворено секој работен ден.

# 5 Училишна клима

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето ја почитува реонизацијата врз основа на која се запишуваат учениците во училиштата од градот. Мал е бројот на запишување на ученици во други училишта, но и ученици кои доаѓаат од други училишта.

Училиштето има добар углед според изјавите на родителите, наставниците и членовите на Училишниот одбор во населеното место и пошироко во општината.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ја поддржува инклузивноста, го зајакнува учеството на учениците, родителите и

заедницата во училишниот живот, го негува мултикултурализмот. Раководниот орган, стручната служба и наставниците уживаат почит кај учениците и родителите.

Училиштето има Кодекс на однесување на сите структури во училиштето, во кој се дефинирани правилата за однесување (наставници, родители, ученици, технички персонал). Во училиштето е донесен и Куќен ред кој е поставен на видни места во училиштето и правилник за надомест на штета предизвикана врз компјутерската опрема или друг инвентар во училничките простории.

Раководството на училиштето, води политика на заемно почитување и рамноправен третман и однос кон сите вработени, што беше потврдено од разговорите со наставниците и учениците. Постои професионална соработка меѓу вработените. Дисциплината на учениците е добра. Постои работна атмосфера за време на наставата. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Дежурството на наставниците за време на одморите се спроведува во целост. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки. Оваа учебна година нема изречени педгошки мерки, во учебната 2021/2022 година изречени се 25 педгошки мерки и тоа: 19 усни опомени, 1 писмени опомени, 2 укори и 3 префрлување во друго одделение, во учебната 2022/2023 година изречени се 35 педгошки мерки и тоа: 22 усни опомени, 8 писмени опомени, 4 укори и 1 префрлување во друго одделение.

Учениците не се навремено информирани за работи што се од нивен непосреден интерес. Ученичкиот парамет има активна улога во училиштето. Има изготвена програма за работа и извештаи од состаноци и реализирани активности. Учениците преку нивната заедница најчесто организираат хуманитарни акции, соработува со организацијата на Црвениот крст, еко акции, подршка на слабите ученци во совадување на наставните содржини, булин и насилство и др.

## 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето ги вреднува и промовира постигањата на учениците. Во училиштето се организираат културно-уметнички програми при прослава на патрониот празник (21 мај) и на крајот на учебната година. Училиштето врз основа на Правилник за видовите пофалби и награди на учениците, избира првенец на генерација. Поединечните или екипни успеси на натпревари и конкурси се афирмираат на фејсбук страната на училиштето, паноа со пофалби и награди во училиштето, на веб страна на локалната самоуправа и на локална и регионални медиуми.

Се организираат и интерни новогодишни и осмомартовски конкурси на ликовни и литературни творби. За најуспешните училиштето обезбедува награди (книги, училишен прибор, дипломи итн). Се учествува на конкурси по повод разни јубилеи и значајни датуми во општината, со свои прилози во јавните медиуми.

Како дополнителна стимулација, со одлука на Совет на општината се распишува конкус за доделување на парични средства, за учениците кои освојуваат места на државни и меѓународни натпревари. Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици без разлика на полот, национална припадност и социјалниот статус на родителите.

Училиштето преку разни форми ги запознава учениците со нивните права. Учениците имаат забелешка на односот на мал број на наставниците кон нив.

Има мал број примери на нетранспарентност при оценувањето или вреднувањето на постигањата на учениците. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности, кои се застапени во сите пишани документи на училиштето. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштето има соработна со ООУ„Светозар Маровиќ„ Старо Нагоричани во проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) .

## 5.4. Партнерски однос со родителите, со локалната и со деловната заедница

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето, преку формалните нивоа на одлучување (Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор).

Задолжително се одржуваат по три родителски средби во прво полугодие и во второ полугодие. На родителските средби присуствуваат најголем број од родителите. Комуникацијата на училиштето со родителите се остварува и преку индивидуални родителски средби. Родителите се запознаени со програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родителите.

Училиштето соработува со локалната самоуправа. Учествува во одбележувањето на значајни настани во општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Соработката на училиштето со локалната и деловната заедница е директно, со вклучени членови во Училишен одбор и Совет на родители, кои доѓаат од приватни фирми или други институции и се запознаваат со потребите и условите за работа во училиштето. На состаноците со членовите на овие органи беа изнесени и конкретни примери на соработка и разрешување на проблеми, особено во насока на поддршка на училиштето во санирање и реновирање на постојните училишни објекти, затоплувањето на салата, подобрување на квалитетот на исхраната на учениците, оспособување на сензорната соба, избор на компанија за осигурување на учениците избор на агенција за релизација на ученичките екскурзии и други материјални потреби на училиштето. Училиштето соработува со институциите на локалната заедница: Центар за јавно здравје, Министерство за внатрешни работи, Центар за социјални работи, Црвен крст, Агенција за вработување, училишта и универзитети од општината и државата, Невладини организации и здруженија.

Поради актуелната состојба со пандемијата на Ковид 19, партнескиот однос со деловната зеденица е со послаб интерзитет. Остварена е соработка со фирмата „Ребус“ од Штип во насока на обезбедување на безплатна исхрана за ученик кој е трето дете од

исто семејство кој редовно посетуват настава во училиштето. Во подрачното училиште во с. Чардаклија обезбеде ни се лап топи за сите ученици од иселеник во Австралија.

# 6. Ресурси

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Училишните згради се од тврда градба. Училишната зграда во централното училиште се состои од приземје и еден кат. Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во една училишна зграда во Штип, во по една училишна зграда во: населба Македонка, с.Чардаклија и с. Почивало.

Училишната зграда во Штип е изградена во 1977 година со површина од 3 771 м$^2$, располага со: 3 училници, 20 кабинета ( Информатика, Музичко образование, Македонски јазик два кабинета, Математика два кабинета, Англиски јазик два кабинета, Физика, Хемија, Историја, Германски јазик, Географија, Ликовно образование, Биологија, и Техничко образование), библиотека, канцеларии за: директор, наставници, психолог, педагог, книговодител и благајник, чајна кујна, административно техничкиот кадар, санитарни јазли, и други простории. Училишниот двор во централното училиште е ограден со метална ограда со два влеза со површина од 12 792 м$^2$ хортикултурно уреден од предната страна, додека од задната страна делумно уреден. Во училишниот двор има и спортски терени од задната страна.

Училиштето располага со модерна фискултурна сала со површина од 1 200 м$^{2,}$ со стандардна висина, доволно осветлена. Хигиената во спортската сала е добра. Во фискултурната сала има простории: за наставниците, соблекувални за учениците и наставниците, за спортските реквизити, санитарни јазли и трибини за гледачите. Во фискултурната сала нема затоплување.

Кога временските услови се поволни наставата се реализира на отворените спортски терени.

Просториите во централното и подрачното училиште во н. Македонка се загреваат со парно греење на нафта, додека во подрачните училишта во селата Чардаклија и Почивало загревањето е со дрва.

Хигиената во училиштето и училишниот двор е добра од предната страна, додека од задната страна делумно задоволува. Санитарните јазли се во доволен број според бројот на ученици и прописно поделени на машки и женски. Хигиената и осветлувањето во санитарните јазли делумно задоволува.

Училиштето е обезбедено со 14 противпожарни апарати, и истите редовно се сервисираат, и 6 хидранти.

Училишните згради, ИКТ-технологијата, вработените се осигурени во осигурителната куќа ДО „ Уника“ додека учениците се осигурани во осигурителната куќа„ Македонија осигорување“ .

Во централното училиште настава посетуваат 584 ученици од I одд. до IX одд., распоредени во триеесет чисти паралелки. Наставата се реализира во две смени.

Училишната зграда во населба Македонка изградена во 1952 година ( 2012 година целосно реконструирана) со површина од 485 м$^2$, располага со 9 училници, канцеларии за: наставници, техничкиот кадар, санитарни јазли, мала спортска сала ( 40 м$^2$) и други простории. Училишниот двор е со површина од 500 м$^2$ хортикултурно уреден, во него има спортски терен за кошарка.

Во ова училиште од I до IX одд. се образуваат 70 ученици, распоредени во 8 чисти и 1 комбинирана паралелка. Наставата се реализира во една смени.

Училишната зграда во село Чардаклија изградена во 1952 година со површина од 85 м$^2$, располага со 1 училница и санитарни јазли. Не уреден училишниот двор е со површина од 500 м$^2$. Потребна е рекострукција на кровната конструкција, доградба на уште еден санитарен јазел и рекострукција на уште една училница.

Во ова училиште од I до V одд. се образуваат 5 ученика, распоредени во 1 комбинирани паралелки. Наставата се реализира во една смени.

Училишната зграда подрачното училиште во с. Почивало е изградена во 1984 година со површина 63 м$^2$, една административна просторија и училишниот двор е со површина од 530 м$^2$. Наставата се реализира на турски наставен јазик, во тешки услови за работа потребно е целосна реконструкција на училишна зграда.

Во ова училиште од I до V одд. се образуваат 8 ученика, распоредени во 1 комбинирани паралелки. Наставата се реализира во една смени.

Целосниот амбиент во училиштето во кој се одвива воспитно-образовниот процес е многу добар и делува стимулирачки и мотивирачки како на учениците така и на вработените. Училиштето максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2.Наставни средства и материјали

Училиштето располага со доволен број на стручна литература и наставни средства и помагала согласно Нормативите по сите наставни предмети. Нагледните средства се сместени во помошните простории. Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и настојува да ги обновува согласно потребите на воспитно-образовниот процес. Потребите од наставни средства и помагала се утврдуваат на состаноци на стручни активи, наставнички совет и преку анкетни листови. Училиштето располага со следниве наставни средства и помагала: 4-смарт табла,, ЛЦД-проектори, принтери, скенер, графоскопи, касетофони, микроскопи, камера,, спортски реквизити и др. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ опремата. Во училиштето има 114 функционални компјутери распоредени во 4 кабинета , 42 мали лап-топи распоредени во 4 училници, 8 таблети за учениците и 64 лап-топи за наставниците. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училишната библиотека располага со 4 560 наслови или вкупно 15 029 книги од различен жанр (лектирни изданија од I до IX одд., слободна литертура, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци и др.). За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Последна

набавка се лектирни изданија од страна на училиштато. Во библиотеката работат двајца наставници со полно работно време. Библиотекарите имаат изготвено Годишна програма за работа која што е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечната евиденција се води во книга и електронски. Библиотеката е отворена за учениците секој работен ден од 07.00 до 18.00 часот, членовите на ученичкиот параламент истакна дека работнота време на библиотеката не се почитува од страна на библеотекарите .

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и вонннаставните активности, но набавката не ги задоволува реалните потреби на училиштето.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат 21 наставници во одделенска настава, 38 наставници во предметна настава, или вкупно 59 наставници ( 2-мр, 53-всс, 3-вшс и 1-ссс). Од нив 44 наставник се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 9 наставника се вработени на определено работно време со полн фонд на часови и 6 наставника се вработени на определено работно време со неполн фонд на часови. Мал број на наставници дополнуваат часови од друго училиште. Во училиштето има 7 несоодветни наставници и тоа по предлетите: 2 – физичко и здравствено образование, физика, одделенска настава на турски наставен јаик, етика во религите, религиско и културно наследство и техничко образование. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес се вклучени стручните соработници, педагог, психолог и двајца библиотекари кои им помагаат на наставниците во организација на наставата и го следат напредокот на учениците. Советодавно работат со учениците и родителите, учествуваат во справување со проблеми на индивидуално и групно ниво. Во училиштето е потребно да се догокомплетира петдгошко психолошката служба, да се вработи дефектолог.

Работата на наставниот кадар и стручната служба е потпомогната, надополнета и олеснета од страна на раководниот и административниот кадар, директор, секретар, благајник, книговодител (кој го води книговоството на повеќе училишта во општината), економ, архивар, парно греач, хаос мајстор, ноќен чувар и останат технички кадар.

Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи за исполнување на целите на наставата. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставник, училиштето врши брза и соодветна замена.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во

училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Од разговорите со наставниците, евидентна е потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности, особено во предметна настава.

Наставниците од одделенска настава имаат посетено обука за новата Концепцијата за основно образование.

Училиштето учествува во сите обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес, и има воспоставено систем за дисеминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар и евиденција за извршени дисеминации од страна на наставници кои посетувале обуки. Изборот на наставници кои учестуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на учебната година.

Во училиштето за светскиот ден на учителот се избира по еден успешен наставник за секоја учебна година, изборот го врши комисија, кој не секогаш реален.

Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниците.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено финансиски план, усвоен извештај, усвоена завршна сметка и план за јавни набавки. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки во која нема член од Училишниот одбор. Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од Училишниот одбор. Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ. Училиштето се финансира и преку сметката за самофинансирање од издавање на простор под закуп на спортска сала и кафе мат.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Советот на општината.

Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата.

# 7.Управување/раководење со училиштето и креирање политика

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Управувањето и раководењето со училиштето е релативно добро. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО е Лидија Трендафилова, согласно новиот закон за основно образование и е од редот на Советот на родители.

Училишниот одбор доволно е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и доволно се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието.

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на 11.02.2021 година, заведен со арх.бр 0204-74/3.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 0101-670/1 од 24.12.2019 година.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници (записничар е секретарот во училиштето) и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.0801-300/1 од 05.07.2023 година и усвоена од Советот на Општина Штип на ден 31.08.2023 година ,заверена со арх.бр. 085404/1.

В.Д Директорот на училиштето е избран со Решение на Градоначалникот на Општина Штип , со арх.бр.09247/3 од 28.03.2022 година, Второ решение за В.Д.од 04.10.2022 година со арх.бр.09-2047/8 ,трето В.Д со Решение од 06.04.2023 година со арх.бр.09-2219/6 и четврто В.Д-Директор од 06.10.2023 со арх.бр.09-2219/11..

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за

работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, добро ја организира и следи реализацијата на наставата и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето, но и не доволно критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Еко програма., Програма за меѓуетничка интеграција, Тим за инклузија на училиште и на ученик,Тим за МИОА и др.

Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Во периодот од последната интегрална евалуациа до денес ,направени се и реализирани повеќе градежни активности,реконструкци и тоа:Промена на кровна конструкција,изградба на нова фасада,промена на целокупната ПВЦ столарија,реновирани санитарни јазли.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, (2022-2026) што е во согласност со одредбите на Законот за основно `образование.

Резултатите од Самоевалуацијата, детално се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Директорот ја организира и следи реализацијата на наставата и водењето на педагошката евиденција на наставниците. Директорот обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.

Покрај средствата од Министерство за образование и наука, училиштето обезбедува и дополнителни средства од издавање на фискултурната сала на спортски клубови.

Училиштето не обезбедува дополнителни средства од проекти со Локалната самоуправа, Бизнис секторот од општината и невладини организации.

Директорот учествува во работата на Наставнички Совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница.

### 7.2. Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор.

Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, се вклучени во разните тимови и во креирањето на училишната образовна политика.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини). Родителите на учениците, кои постигаат послаби резултати, покажуваат помал интерес за вклучување во животот и работата на училиштето,и со истите се вршат едукации.

Проекти од Министерство за образование и наука кои се реализираат во училиштето се интеграција на еколошкото образование во образовниот систем, како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цел.

Училиштето има изработено самоевалуација со дел.бр.0803-279/1 од 21.06.2022.година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето.

Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница.

Евидентно во Програмата за развој на училиштето е тоа што тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики не е подеднакво застапено по години. Потребно е подолготрајно планирање на активностите во континуитет. Училиштето има изготвено ревидирање на Програмата за развој на училиштето.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Има систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени. Училиштето има воспоставено систем за десиминација на стекнатото знаење.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува.

Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Планот за јавни набавки за 2023 година е донесен на 18.01.2023 год со арх.бр.02-04/1.

За учебната 2023/24 година не е извршена ниту една јавната набавка за помошен матерјал, нагледни стредства за училиштето за осовременување на наставати сл..

Училиштето има документ – програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници,со арх.бр 0801-300/1 од 05.07.2023 година, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето делумно обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници, наставни помагала), за сите ученици, без оглед на националната припадност.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1. Јаки страни

- Добри просторни услови за работа;
- Кабинетска настава по сите предмети ;
- Училиштето добро ја следи редовноста на учениците и располага со податоци за бројот на оправдани и неоправдани изостаноци;
- Наставниците планираат и реализираат разновидни вонnаставни активности според потребите и интересите на учениците;
- Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој

## 8.2. Слаби страни

- Некомплетирана педагошко психолошка служба, нема дефектолог;
- Нема затоплување во фискултурната сала;
- Три комбинирани паралелки во подралните училишта во: населба Македонка, с.Чардаклија и с. Почивало не се во согласност со Законот за основно образование;
- Во ПУ во с. Почивало, наставата по македонски јазик за учениците кои следат настава на друг наставен јазик, англиски јазик, физичко и здравствено образование и техничко образование и информатика не се изведува со соодветен наставен кадар;
- Во ПУ во с. Чардаклија нема соодветни услови за реализација на воспитно-образовниот процес;
- Недоволна употреба на ИКТ во наставата;
- Недоволна опременост со современи нагледни и наставни средства за реализација на квалитетна настава;
- Кабинетот по природни науки не е ставен во функција;

## 8.3. Препораки

- Да се комплетира педагошко психолошка служба, да се вработи дефектолог;
- Да се подобрат условите за работа во фискултурната сала;
- Да се стави во употреба кабинетот по природни науки:
- Да се зголеми бројот на наставни средства и помагала по предметите;